# УСЛОВИ НА КОРИСТЕЊЕ – СМЕТКАТА НА KIA

## **1.** ВОВЕД

**1.1.** Kia сака да ви понуди услуги за да го направи вашето искуство со Kia што е можно побезбедно, поедноставно и попријатно. Затоа, Kia ви ја нуди „сметката на Kia“. Сметката на Kia е единствена, лична и непренослива сметка што овозможува користење на разни услуги што ги обезбедува KIA и/или надворешни компании. Овие услуги може да вклучуваат онлајн услуги, апликации и други софтверски услуги. Можете да ги користите таквите услуги само со вашата сметка на Kia.

**1.2.** Во случај на прашања во врска со сметката на Kia, јавете се во нашиот контакт центар за корисници во:

– Белгија: +32 80069706970
– Франција: +33 969 320 600
– Обединето Кралство: +44 3332022990
– Германија: +49 800 777 3044
– Шведска: +46 840 044 300
– Холандија: +31 888 542542
– Шпанија: +34 91 304 31 90
– Италија: +39 848 582 588
– Ирска: +35 3818300007
– Унгарија: +36 80 315 542
– Полска: +48 605542542
– Австрија: +43 1734290010
– Словенија: +421 232 421 341
– Чешка Република: +420 222999333
– Романија: +40 213 125 005
– Исланд: +354 590 2130
– Финска: +358 103 400 430
– Естонија: +372 6652600
– Латвија: +371 67320044
– Литванија: +370 52125123
– Бугарија: +359 700 14 777
– Грција: +302105507477
– Швајцарија: +41 62 788 88 22
– Португалија: +351 211 160 522
– Северна Македонија: [●] [ве молиме внесете го бројот за македонски клиенти]

## **2.** УСЛОВИ НА КОРИСТЕЊЕ

**2.1.** Со штиклирање на поле во процесот на прифаќање, ги прифаќате овие „Услови на користење“ и склучувате договор со Kia Connect GmbH, Theodor-Heuss-Allee 11, 60486 Frankfurt, Германија (во понатамошниот текст „Kia“, „ние“, „нас“ или „наш“) за креирање и користење на единствена сметка на Kia (како што е опишано понатаму во дел 3 подолу) за пристап и/или управување со поврзаните услуги, кои се подетално опишани во и се предмет на „Посебни услови на користење“. Ваквите Посебни Услови на користење може да го ограничат користењето на услугите и/или може да бараат поврзување на сметката на Kia. Во случај на конфликт помеѓу овие Услови на користење и важечките Посебни Услови на користење, ќе имаат предност Посебните Услови на користење.

**2.2.** Сметката на Kia е неопходен предуслов за користење на Kia App. Можете да ги преземете сите правни документи преку веб-страницата. Неправилно запишаните податоци може да се променат во вашата сметка.

**2.3.** Дозволено ви е да ја користите сметката на Kia само ако сте полнолетни.

**2.4.** Доколку вашиот уред/и не е опремен со потребните технички карактеристики или ако не ги исполнува барањата од овие Услови на користење, ние нема да бидеме обврзани да ви ја обезбедиме сметката на Kia.

**2.5.** Користењето на сметката на Kia може да бара пристап до интернет или други телекомуникациски услуги. Овие Услови на користење не важат за телекомуникациските услуги што може да бидат потребни за користење на сметката на Kia. Тие се предмет на посебен договор (вклучувајќи ги и трошоците) со давателот на вашите телекомуникациски услуги.

**2.6.** Користењето на сметката на Kia е бесплатно.

**2.7.** За да добиете пристап до одредени услуги, можеби ќе треба да ја поврзете вашата сметката на Kia со едно или повеќе Kia возила. Ова е наведено во важечките Посебни Услови на користење.

**2.8.** Информациите што ги давате за креирање на сметката на Kia треба да бидат точни. Податоците собрани во врска со сметката на Kia и во согласност со Известувањето за приватност на сметката на Kia вклучуваат:

Вашето име, поздрав, вашата адреса на е-пошта, вашиот телефонски број, лозинката, земјата, преферираниот јазик, фактот дека сте ги прифатиле овие Услови на користење.

**2.9.** Сметката на Kia ќе биде креирана за употреба во согласност со овие Услови на користење. Доколку е потребно, можеме да ве контактираме преку е-поштата што сте ја навеле при регистрацијата на вашата сметката на Kia во контекст на сметка на Kia.

3. ПРОМЕНИ ВО УСЛОВИТЕ НА КОРИСТЕЊЕ

Можеме од време на време разумно да ги менуваме овие Услови на користење или функционалностите на сметката на Kia. За промените ќе бидете известени преку е-пошта или во друга форма на известување. Доколку не приговорите на тие измени во текстуална форма во рок од 4 недели по приемот на известувањето, ќе сметаме дека се согласувате со измените. Експлицитно ќе ве известиме за правото да одбиете и за последиците од молчењето.

4. ОГРАНИЧУВАЊА НА УПОТРЕБА

**4.1.** Не смеете да ја користите сметката на Kia спротивно на одредбите од овие Услови на користење.

**4.2.** Освен тоа, не смеете да ја користите сметката на Kia на начин што ги крши важечките закони или прописи, како што се правата на интелектуална сопственост или сообраќајните прописи. Исто така, забранета е и употреба што ја загрозува безбедноста на сметката на Kia, како и употреба што би можела да ја загрози или наруши техничката инфраструктура на Kia или на некоја трета страна, или употребата на сметката на Kia од страна на други клиенти. Дополнително, не смеете да ја оштетувате, оневозможувате или на друг начин да се мешате во сметката на Kia или да внесувате во сметката на Kia вируси, „црви“, малициозен софтвер, шпионски софтвер, „тројанци“ или кој било друг штетен код или програма што би можеле да го компромитираат работењето на сметката на Kia.

**4.3.** За сметката на Kia е потребна лозинка. Треба да изберете лозинка што обезбедува доволна безбедност од трети страни. Можеме да поставиме правила за тоа што се смета за доволно безбедна лозинка. Вие сте одговорни да ја чувате вашата лозинка во тајност и да не ја откривате на трети страни. Доколку се сомневате дека трета страна добила неовластен пристап до вашата лозинка, веднаш треба да ја промените лозинката. Доколку се сомневате дека на трета страна ѝ е даден неовластен пристап до услугите преку вашата сметка на Kia, ве молиме веднаш контактирајте ја нашата служба за корисници (видете дел 1.2).

**5.** ПРАВА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

**5.1.** Целата содржина на сметката на Kia е сопственост на Kia, нејзините директни или индиректни подружници и компании што се нејзини филијали (во понатамошниот текст колективно наречени „**Kia Group**“) или трети страни и е заштитена со важечкиот закон за авторски права со сите задржани права. Сите права врз сметката на Kia, основниот софтвер, содржината и аранжманот се во сопственост на Kia Group и нејзините даватели на лиценци. Не смеете да ја продавате, дистрибуирате, објавувате, емитувате, циркулирате или комерцијално да ја експлоатирате сметката на Kia на кој било начин без наша изрична писмена согласност. Не смеете да ја репродуцирате (целосно или делумно), пренесувате (преку електронски средства или на друг начин), менувате, прикажувате, повторно доставувате, лиценцирате, поврзувате или на друг начин да ја користите сметката на Kia за каква било јавна или комерцијална цел без наша претходна дозвола.

**5.2.** Ништо во овие Услови на користење не треба да се сфати како давање лиценца или право на користење на која било слика, заштитен знак, ознака или лого на Kia, кои се сопственост на Kia Group. Kia Group ги задржува сите права во однос на своите сопственички информации или материјали во врска со сметката на Kia и ќе ги спроведува таквите права во целосна мера согласно важечките закони за авторски права и заштитни знаци.

**6.** КОРИСНИЧКА СОДРЖИНА

Kia не тврди дека е сопственик на содржината што ја правите достапна преку сметката на Kia, и ништо во овие Услови на користење не ги ограничува вашите права да ја користите таквата содржина.

**7.** ОДГОВОРНОСТ

**7.1.** Договорната и законска одговорност на Kia за штети предизвикани од мала небрежност, без оглед на нејзината правна основа, ќе биде ограничена на следниов начин:
1. Kia ќе биде одговорна до износот на предвидливите штети типични за овој тип на договор поради прекршување на материјални договорни обврски;
2. Kia нема да биде одговорна за мало небрежно кршење на која било друга применлива обврска за грижа.

**7.2.** Горенаведените ограничувања на одговорноста нема да се однесуваат на никаква задолжителна законска одговорност, особено на одговорноста за намерно лошо однесување, одговорност според македонските прописи, вклучувајќи го, но не и ограничувајќи се на Законот за заштита на потрошувачите на Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 236/22 и релевантните подзаконски акти) и Законот за електронска трговија на Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 133/2007). Дополнително, таквите ограничувања на одговорноста нема да се применуваат во случај на и до опсегот до кој Kia прифатила специфична гаранција.

**7.3.** Секциите 7.1 и 7.2 соодветно се применуваат за одговорноста на Kia за залудно направени трошоци.

**7.4.** Обврзани сте да преземете разумни напори за спречување и минимизирање на штетите.

**8.** ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

За информации за тоа како собираме и обработуваме лични податоци во врска со сметката на Kia, погледнете ја нашата Изјава за приватност – сметката на Kia. Специфични информации за обработката на податоци поврзани со други услуги освен сметката на Kia може да се најдат во Известувањата за приватност на соодветната услуга.

**9.** ВРЕМЕТРАЕЊЕ

**9.1.** Можете да ја користите сметката на Kia од денот на кој сте се регистрирале за неа.

**9.2.** Можете да ја деактивирате вашата сметка на Kia во секое време. Откако вашата сметка ќе биде деактивирана, повеќе не може да се користи за најавување на услуги поврзани со неа. Во таков случај, неопходно е да ја реактивирате вашата постоечка сметка на Kia или да креирате нова за да продолжите да ги користите овие услуги.

**9.3.** Исто така, можете да го раскинете овој договор во секое време. Во тој случај, овие Услови на користење престануваат да важат. Доколку постоењето на сметка на Kia е неопходно за да се користи некоја услуга, раскинувањето ќе стапи на сила најрано во моментот кога ќе заврши обврската за обезбедување на таа услуга. Во случај неколку услуги да се поврзани со вашата сметка на Kia, најдолгото времетраење на договор ќе биде релевантно за раскинувањето.

**9.4.** Го задржуваме правото трајно или привремено да ја блокираме и/или одземеме употребата на сметката на Kia во случај на материјално прекршување на овие Услови на користење и, во случај на материјално прекршување на овие Услови на користење, да ги прекинеме Условите на користење.

**10.** РАЗНО

**10.1.** Овие Услови на користење се целиот договор на страните што се однесува до користење на сметката на Kia и ги заменуваат сите претходни договори, писмени или усни, меѓу страните во однос на овој предмет.

**10.2.** Отстапувањето, спротивставувањето или дополнувањето на условите и одредбите од страна на корисникот ќе го регулираат користењето на сметката на Kia само ако експлицитно сме ги прифатиле во писмена форма.

**10.3.** Ние имаме право да ги доделиме нашите права и должности изнесени во овие услови на користење, целосно или делумно, на друг давател на услуги, со тоа што ќе му дадеме на корисникот известување 6 недели однапред. Сепак, во тој случај корисникот има право да го раскине договорот во рок од еден месец по приемот на известувањето, кое стапува на сила во времето на планираното доделување на договорот на другиот ентитет. Во известувањето ние експлицитно ќе го информираме корисникот за ова право на раскинување на договорот.

**11.** ПОВЛЕКУВАЊЕ

**11.1.** Имате право да се повлечете од договорот во рок од 14 дена, без да наведете причина или оправдување за повлекувањето од договорот и без обврска да платите какви било трошоци.

**11.2.** Правото на повлекување од договорот се остварува со испраќање на формулар за повлекување од договорот во пропишана форма или со која било друга недвосмислена изјава за вашата одлука да се повлечете од договорот.

**11.3.** Остварувањето на правото на повлекување од соодветниот договор од ваша страна има ефект на раскинување на договорот.

v21072020